Врз основа на член 133 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/019 и 229/20) и Концепцијата за државното тестирање во основното образование, в.в со член 12 и 31 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци за други услуги на Државниот испитен центар бр.01-358/3 од 19.11.2020 година, Државниот испитен центар распишува

# КОНКУРС
## *за избор на членови на предметни работни групи*
## *за државното тестирање*

Државниот испитен центар распишува Конкурс за избор нанадворешни соработници–членови на предметни работни групи (ПРГ) кои треба да подготват рамка за оценување и испитни задачи за државното тестирање и, по потреба,да учествуваат во оценување на тестовите, и тоаза:

1. **Наставниот предмет македонски јазик за IIIодделение**–најмалку пет члена(еден член од редот нанаставно-научниот и стручниот кадар од универзитетите во РСМи најмалку четири члена одделенски наставници кои предаваат на македонски наставен јазик);
2. **Наставниот предмет албански јазик за IIIодделение** – најмалку пет члена (еден член од редот на наставно-научниот и стручниот кадар од универзитетите во РСМ и најмалку четири члена одделенски наставницикои предаваат на албански наставен јазик);
3. **Наставниот предмет математика за IIIодделение** – најмалку пет членови (еден член од редот на наставно-научниот и стручниот кадар од универзитетите во РСМ, најмалку еден член одделенски наставниккој предава на албански наставен јазик и најмалку три члена одделенски наставници кои предаваат на македонски наставен јазик);

**Потребни квалификации:**

➢ Кандидатите одделенски наставницитреба да достават доказ дека ги исполнуваат следните ***услови:***

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат соодветно високо образование;
- да имаат најмалку три  години работен стаж во воспитно-образовна дејност;
- да реализираат одделенска настава во основно училиште, на соодветниот наставен јазик ;
- да поседуваат компјутерски вештини;
- да поседуваат други знаења и вештини за извршување на работите.

➢ Кандидатите од редот на наставно-научниот и стручниот кадар од универзитетите во РСМ треба да доставатдоказ дека ги исполнуваат следните ***услови:***

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат завршено најмалку академски студии од втор циклус од соодветната област;
- да се од редот на наставно-научниот или стручниот кадар од универзитетите во Република Северна Македонија;
- да имаат најмалку три години работен стаж во воспитно-образовна, научна или стручна дејност, на соодветниот наставен јазик;
- да поседуваат компјутерски вештини;

- да поседуваат други знаења и вештини за извршување на работите.

*Предност ќе имаат кандидатите кои:*

- имаат искуство во креирање стандардизирани испитни прашања / задачи;
- имаат објавено стручни, односно научни трудови кои се во функција на актуелната потреба;
- имаат учествувано со свои трудови на научни и стручни собири.

Кандидатите треба да достават и ***10 испитни прашања / задачи со упатство за оценување за наставниот предмет за кој конкурираат***.

Кандидатот во пријавата со која се пријавува за член на ПРГ, треба да наведе за која ПРГ се пријавува (македонски јазик, албански јазик или математика). Со пријавата кандидатите ја доставуваат и целокупната документација за исполнување на условите на објавениот конкурс и кратка биографија.

Пријавите со некомплетна и невалидна документација, како и пријавите кои ќе пристигнат по рокот утврден во овој конкурс, нема да се земат предвид.

Државниот испитен центар ќе врши селекција според горенаведените критериуми, а кандидатите кои ќе влезат во вториот круг ќе бидат интервјуирани, по што ќе следи конечен избор.

Кандидатите кои ќе бидат избрани за членови на ПРГ ќе бидат ангажирани за период од ***три години.***

За сите активности за кои ќе бидат ангажирани членовите на ПРГ, Државниот испитен центар ќе организира обуки. Членовите на ПРГ кои нема да присуствуваат на обуките, нема да учествуваат во соодветната активност.

Пријавата со комплетната документација се доставува ***исклучиво по пошта*** (со препорачана поштенска пратка) на следната адреса: *Државен испитен центар – Скопје ул.„Васил Ѓоргов“ 66 1000 Скопје,* со назнака ***за јавен конкурс за член на предметна работна група за државното тестирање***. Наведените документи се валидни доколку се***испратени најдоцна до 4.12.2020 година***.

***Дополнителни информации можат да се добијат на телефонскиот број 075/258-862, секој работен ден.***

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР